Влада на Република Северна Македонија

<u>Н А Ц Р Т</u>

# З А П И С Н И К
од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2025 година

Скопје, јануари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2025 година**

Седницата започна во 13:40 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и и Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, како и Гоце Димовски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Максим Ацевски, главен државен ревизор.

Од седницата отсуствуваа м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 декември 2024 година

- Усвојување на Записникот од Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 декември 2024 година

1. Конечен извештај за извршена ревизија на успешноста на тема „Управување со државниот имот“, со дополнување

2. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот“

3. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кралството Холандија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт – текст на договор

4. Предлог - одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Државното правобранителство на Република Северна Македонија (за подрачје Струга У бр.03-905/2)

5. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа МХЕЦ Стровија, со реф.бр.250, со текст на Анекс на Договор

6. Предлог на закон за изменување на Законот за меѓународна и привремена заштита

7. Предлог на закон за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија

9. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Unity 25“, во Кралство Луксембург

10. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Combined Resolve 25-01“, во Сојузна Република Германија

11. Предлог на закон за изменување на Законот за регистар на задолжително социјално осигурување

12. Предлог - програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2025 година

13. Предлог - програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 година

14. Предлог - програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година

15. Предлог - програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година

16. Предлог - програма за научно-истражувачката дејност за 2025 година

17. Информација за потребни услови за воспоставување на центри за професионална и стручна рехабилитација (РЕХА центри)

18. Предлог - решение за именување на членови на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област

19. Барање за давање на автентично толкување на член 20-а став (4) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), поднесено од група пратеници

20. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2025 година и Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2025 година, со Предлог – одлука

21. Иницијатива од Александар Наумовски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.248/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 59 став (2) во делот „и кога ќе најде дека има недостатоци во постапката која претходела на донесувањето на оспорениот акт, но тие не биле од влијание за решавање на предметот во спорот", член 70 став (1) алинеја 1 во делот „суштествена", член 70 став (2) во делот „суштествена" и во делот „а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда", член 79 став (3) во делот „суштествена", член 80 став (1) во делот „или тие не се од влијание за донесување на поинаква одлука", член 80 став (2) во делот „суштествена" и член 81 став (3) во делот „кои имале одлучувачко значење", делот „поради" и во делот „тие", сите од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 150/24 и 220/24)

22. Иницијатива од Александар Наумовски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.246/2024 за оценување на уставноста на член 33 став 5 и став 6 во делот „Во случаите од ставот (5) на овој член, кога судот не е во можност да одлучи за предметот без списите", од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 150/24 и 220/24)

23. Иницијатива од Александар Наумовски од Битола доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.249/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 60 став 3 алинеја 2 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 150/24 и 220/24)

24. Иницијатива од Александра Илиева Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.254/2024 за оценување на уставноста на член 288, член 381 ставови 3 и 4 и членовите 483, 484, 485, 486, 487, 488, 489 и 490 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18)

25. Иницијатива од д-р Леонид Трпеноски, адвокат во Адвокатско друштво Трпеноски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.222/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 197 став 1 точка 2 во делот „или лицата од членот 215 став ( 1) на овој закон", член 198 став 2 во делот „од членот 185 на овој закон", член 202 став 11, член 205 став 1 во делот „за припадноста на заедница", член 206 став 6 во делот „согласно со членовите 489 до 496", член 222 во делот „членот 392 став 2 од", член 242 став 2 во делот „а ако е потребно, ќе се постапи согласно со одредбите на членот 239 став 4 од овој закон", член 317 став 2 во делот „ќе се примени членот 391 став 3 од овој закон" и во втората реченица „то" од зборот Решението, од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18)

26. Кадровски прашања

27. Прашања и предлози

28. Информација за констатирана фактичка состојба за неконтролираниот ископ на песок, чакал и камен од речното корито на реката Вардар во атарот на с.Ногаевци, Општина Градско

29. Годишен извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија за 2023 година

30. Информација за подготовката на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 23 јануари 2025 година, со прилози

31. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 27 ноември 2024 година до 3 декември 2024 година

32. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 4 декември 2024 година до 10 декември 2024 година

33. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 11 декември 2024 година до 17 декември 2024 година

34. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 18 декември 2024 година до 24 декември 2024 година

35. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 27 ноември 2024 година до 3 декември 2024 година

36. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 4 декември 2024 година до 10 декември 2024 година

37. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 11 декември 2024 година до 17 декември 2024 година

38. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 18 декември 2024 година до 24 декември 2024 година

39. Известување за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 28 ноември 2024 до 4 декември 2024 година

40. Известување за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 5 декември 2024 до 11 декември 2024 година

41. Известување за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 12 декември 2024 до 18 декември 2024 година

42. Информација за ревидирање на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со ревидирана Стратегија

43. Информација за назначување на Национална контакт точка и национален координатор и за формирање на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со Предлог-одлука

44. Предлог - програма за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година

45. Информација во врска со Предлог – анекс на договор бр. 1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 12-710/1 од 26.4.2024 година, солемнизиран кај нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје под ОДУ 1492/24 на 13.12.2024 година, склучен помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги ШАХТЕРМ МК ДООЕЛ Скопје, како закупопримач, со предлог - одлуки

46. Информација за брендирање и графички стандарди на Владата на Република Северна Македонија, со Прирачник за брендирање и графички стандарди

47. Информација за економски реформи 2025-2027 година, со Програма

48. Предлог - одлука за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 декември 2024 година и Записникот од Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 декември 2024 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешноста на тема „Управување со државниот имот“, со дополнување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката

– Скопје, Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје и Агенцијата за катастар на недвижности, да подготват акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, Владата заклучи Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да го преземе мониторирањето на имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија, а за реализацијата на истите да ги информира соодветните институции.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во соработка со Управата за јавни приходи, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Геолошкиот завод на Република Северна Македонија и Државниот инспекторат за животна средина, да подготват акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

По овој повод, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да подготви и во рок од 20 дена да достави информација за  издадените концесии за експлоатација на минерални суровини – мермер, со посебен осврт на економската оправданост на истите и можноста за раскинување на концесиите.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да ја разгледа можноста со идните измени на закони да предвиди обврски кон инспекторатите за позачестени контроли врз спроведувањето и почитувањето на договорите за концесии.

Истовремено, доколку е возможно концесионерите да се обврзат да произведуваат полуфинален или финален производ на територијата на државата, како и да се користат повеќе државните ресурси, пред се во делот на железничкиот транспорт.

Исто така, Владата заклучи Државниот завод за ревизија, да достави барање до Министерството за внатрешни работи за увид, со цел за утврдување на фактичката состојба во постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот.

## Точка 3

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кралството Холандија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт – текст на договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кралството Холандија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кралството Холандија за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кралството Холандија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена на Владата да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кралството Холандија за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Државното правобранителство на Република Северна Македонија (за подрачје Струга У бр.03-905/2).

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа МХЕЦ Стровија, со реф.бр.250, со текст на Анекс на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент, да го склучи Анексот на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи,

МХЕЦ Стровија, со реф.бр.250, бр. 11-795/1 од 30 јануари 2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијално работење, до 2 април 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје, да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија, со реф.бр.250, најмалку до 2 јуни 2025 година.

## Точка 6

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за меѓународна и привремена заштита, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

## Точка 7

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

## Точка 8

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Unity 25“, во Кралство Луксембург.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Combined Resolve 25-01“, во Сојузна Република Германија.

**Точка 11**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување на Законот за регистар на задолжително социјално осигурување, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 12**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2025 година.

**Точка 13**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 година.

**Точка 14**

Владата ја донесе Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година.

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година.

**Точка 16**

Владата ја донесе Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за потребни услови за воспоставување на центри за професионална и стручна рехабилитација (РЕХА центри) и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да подготви и до Владата да достави соодветен текст на предлог на закон за вработување и професионална рехабилитација на лица со попреченост, најдоцна до 15 февруари 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, до Владата да достави предлог за обезбедување на простор за центрите за професионална и стручна рехабилитација, најдоцна до 15 март 2025 година.

**Точка 18**

Владата го донесе Решението за именување на членови на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област.

**Точка 19**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 20-а став (4) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), поднесено од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Согласно, член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно кој Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите, како и член 185 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, според кој барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, народниот правобранител, градоначалниците на општините и на Градот Скопје и советите на општините на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење и член 186 од Деловникот, согласно кој барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку законодавно-правната комисија оцени дека е оправдано, изготвува предлог на автентично толкување и го доставува до Собранието, кое по предлогот расправа и одлучува на истата седница. Според Деловникот автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Со Законот за вработените во јавниот сектор се уредуваат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

Во Глава II Општи начела за вработените во јавниот сектор, во член 5 став (2) законодавецот пропишал дека институциите од јавниот сектор имаат обврска да го

применуваат начелото на правична застапеност и да ги планираат вработувањата со годишни планови, согласно со нивните потреби врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор. Согласно со став (3) од истиот член, Методологијата за планирање ги содржи формата, содржината и образецот на годишниот план и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Членот 20-а од Законот ги регулира годишните планови за вработување во јавниот сектор каде е утврдено дека (1) Вработувањата во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на годишни планови за вработување (во натамошниот текст: планови), кои функционерите кои раководат со институциите ги подготвуваат врз основа на Методологијата од членот 5 став (3) на овој закон. (4) Во институциите на јавниот сектор кои се основани од страна на централната власт, а кои дејноста, односно надлежноста ја вршат на централно ниво и/или преку подрачните единици или други организациски единици на локално ниво, како основ за распределба на бројот на планираните нови вработувања по припадност на заедница, се земаат податоците од последно спроведениот попис на населението на Република Македонија, за територијата на цела Република Македонија. (5) Во институциите на јавниот сектор кои се основани од страна на централната или локалната власт, а кои дејноста, односно надлежноста ја вршат на локално или регионално ниво, како основ за распределба на бројот на планираните нови вработувања по припадност на заедница, се земаат податоците од последно спроведениот попис на населението на Република Македонија за единицата на локалната самоуправа во која е сместена таа институција.

Членот 20-а став (4) е прецизен и недвосмислен и нема место за недоумици во однос на неговата примена, од причина што јасно утврдува дека распределбата на бројот на планирани нови вработувања по припадност на заедница, во институциите на јавниот сектор кои се основани од страна на централната власт, а кои дејноста, односно надлежноста, ја вршат на централно ниво и/или преку подрачните единици или други организациски единици на локално ниво, се базира на податоците од последно спроведениот попис на населението на Република Македонија за територијата на цела Република Македонија, односно се користат официјалните статистички податоци за населението на целата територија на Република Македонија, што се прибрани на последниот попис.

Законот за вработените во јавниот сектор, заедно со неговите изменувања и дополнувања кои ја воведуваат сега оспорената одредба, се донесени во 2014 година, а се применуваат од 13.2.2015 година, за чие усвојување се користела оваа терминологија.

Од горенаведените причини, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на членот 20-а став (4) од Законот за вработените во јавниот сектор, од причина што истиот е јасен и прецизен.

## Точка 20

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2025 година и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2025 година, со Предлог – одлука и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19 и 103/21), Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување доставува финансиски план за наредната година на усвојување на Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември во тековната година.

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го утврдува Финансискиот план за 2025 година врз основа на реализацијата на Финансискиот план за 2024 година, очекувани надоместоци и други приходи во 2025 година, реализирање на започнатите активности и нови активности според годишната програма за работа на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2025 година и планирани расходи за 2025 година.

Врз основа на доставениот Финансиски план за 2025 година, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување планира да оствари вкупно приходи во износ од 103.000.000 денари, од кои 95.000.000 денари се приходи од наплата на месечен надомест од пензиски друштва, додека 4.000.000 денари се приход врз основа на административни надоместоци и истиот е намален во однос на претходната година поради намалување или целосно укинување на одредени надоместоци што ги наплаќа Агенцијата.

Во планираните приходи за 2025 година, согласно Одлуката за распределба и вложување на вишок на приходи на Агенцијата се планирани приходи кои Агенцијата очекува да ги наплати од орочени депозити од резервниот фонд во одделни банки во износ од 4.000.000 денари.

Вкупните расходи планирани за 2025 година, согласно финансискиот план се во износ од 102.785.000 денари.

Разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2025 година е во износ од 215.000 денари и истите, согласно член 56-а од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, се распределуваат во резервниот фонд на Агенцијата.

Вкупните расходи за 2025 година на Агенцијата се за 23% повисоки во однос на вкупните расходи во 2024 година.

Во планирани расходи за 2025 година споредбено со 2024 година, зголемување се предвидува во следните ставки:

Зголемување на планираните расходи во 2025 година има во потставка 2.3 Инвестиционо одржување на средствата, кои се повисоки за околу 33% од планираните расходи за 2024 година, потоа кај планираните расходи од потставката 2.4 Други услуги, постои зголемување од околу 3% од планираните расходи во 2024 година, заради остварување на дејноста како што се одржување на софтвер на втор и трет столб на пензисикиот систем, како и информативни активности за промовирање и потикнување на развојот на капитално финансирано пензиско осигурување и реализирање и организирање на настанот „15 Септември- Ден на пензиската свесност“.

Во потставката 2.6 Издатоци за реклама и презентација се повисоки за 25%, во однос на планирани расходи по истиот основ за 2024 година, поради дополнителни трошоци кои произлегуваат од меѓународна соработка со странски институции.

Во потставката 2.7 Наемнини (закупнини) расходите се повисоки за околу 23% во однос на планираните расходи во 2025 година, поради изнајмување на сали и амфитеатри за спроведување на обуки, наем на возила, закуп на интернет линија и друга опрема. Зголемување на планирани расходи има и во потставката 2.12 Членарини, кои се значително повисоки во однос на планирани расходи по истиот основ за 2024 година поради зголемени износи на членарини. Планираните расходи за потставка 2.17 Други капитални средства се повисоки во однос на 2024 година, поради тоа што ставките за лиценци и компјутерскиот софтвер - нов софтвер нема да се финансираат од резервниот фонд на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. На ставката 2.18 Вкалкулирани плати и надоместоци во 2025 година планираните расходи се повисоки за околу 13% во однос на 2024 година, поради преземање на двајца вработени од нераспределените административни службеници преку Програмата К-5 од Министерството за односи меѓу заедниците, согласно задолжувањето на Владата на Република Северна Македонија.

Со оглед на тоа што во 2025 година се предвидува значително зголемување на ставката за плати за вработените во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување без соодветно конкретно образложение за ваквото зголемување, Министерството за финансии дава негативно мислење на доставениот Финансиски план на Агенцијата за 2025 година, со укажување на потребата од преоценување на предвидената висина на ставката за плати.

Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2025 година, не содржи податок колку вкупно изнесува резервниот фонд на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано

пензиско осигурување и се смета дека истиот треба да се прикажува како посебна ставка во рамките на вкупните приходи на Агенцијата.

Согласно Финансискиот план се очекува разлика помеѓу вкупни приходи и вкупни расходи во износ од 215.000 денари. Со Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2025 година, висината на надоместокот се предвидува да изнесува 0,6% од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во секој од пензиските фондови со кои управува пензиското друштво, кој е намален од 2024 година од 0,7% на 0,6% што претставува намалување од 0,1% надоместок што го наплатува Агенцијата од пензиските друштва.

Согласно член 56 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, месечниот надомест што Агенцијата го наплатува на товар на пензиските друштва изнесува најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец, но според пресметките за планирани приходи и расходи на Агенцијата за 2025 година месечниот надоместок треба да изнесува 0,6%, согласно проценката за надоместокот за 2025 година од направената анализа на расходната и приходната страна од финансирањето на Агенцијата.

Согласно член 46 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата е самостојно и независно регулаторно тело. Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

Од формално – правен аспект, редакциски треба да се усогласи текстот на Предлог - одлуката за согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2025 година.

Владата нема забелешки по однос на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2025 година.

## Точка 21

Владата ја разгледа Иницијативата од Александар Наумовски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.248/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 59 став (2) во делот „и кога ќе најде дека има недостатоци во постапката која претходела на донесувањето на оспорениот акт, но тие не биле од влијание за решавање на предметот во спорот“, член 70 став (1) алинеја 1 во делот „суштествена“, член 70 став (2) во делот „суштествена“ и во делот „а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда“, член 79 став (3) во делот „суштествена“, член 80 став (1) во делот „или тие не се од влијание за донесување на поинаква одлука“, член 80 став (2) во делот „суштествена“ и член 81 став (3) во делот „кои имале одлучувачко значење“, делот „поради“ и во делот „тие“, сите од Законот за управни

спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 150/24 и 220/24) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредени делови од членовите 59, 70, 79, 80 и 81 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), кои гласат:

-член 59 став (2) во делот „и кога ќе најде дека има недостатоци во постапката која претходела на донесувањето на оспорениот акт, но тие не биле од влијание за решавање на предметот на спорот,“
-член 70 став 1, алинеја 1 во делот „суштествена“,
-член 70 став 2 во делот „суштествена“,
-член 70 став 2 во делот „а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда“,
- член 79 став (3) во делот „суштествена“,
- член 80 став (1) во делот „или тие не се од влијание за донесување на поинаква одлука“,
- член 80 став (2) во делот „суштествена“ и
- член 81 став (3) во деловите „кои имале одлучувачко значење“, „поради“ и „тие“.

Иницијативата е фокусирана на одредбите кои се однесуваат на „недостатоци во постапката“ кои „не се од влијание за решавање на предметот на спорот“, како и на одредбите кои се однесуваат на „суштествена повреда на одредбите на постапката“.

Со Иницијативата, подносителот бара од Уставниот суд на Република Северна Македонија да укине делови од членовите 59, 70, 79, 80 и 81 од Законот за управни спорови, кои им даваат прекумерна слобода на судовите да не поништуваат управен акт, дури и кога се евидентни неправилности во постапката, доколку тие не влијаеле на конечната одлука.

Иницијативата го изложува концептот на „суштествено влијание“ на недостатоците врз одлуката, воведен со оспорените одредби, како фундаментален проблем. Според подносителот, овој концепт е неприфатлив од повеќе аспекти:

-нарушување на правото на правично судење: оспорените одредби, според подносителот, деградираат правото на правично судење, гарантирано со Уставот, дозволувајќи опстанок на акти донесени по недозволена постапка, дури и кога недостатоците не влијаеле на крајниот исход,

-генерирање на правна несигурност: нејасната дефиниција на „суштествено влијание“ поттикнува правна несигурност, отворајќи простор за субјективни толкувања и неконзистентна примена на законските одредби и

-олеснување на злоупотреба: оспорените одредби, според Иницијативата, претставуваат алатка за манипулација од страна на судовите, кои можат да ги

предвидат повредите на постапката, дури и кога тие ги загрозуваат правата на странките.

Подносителот ја темели Иницијативата со убедлива аргументација, повикувајќи се на Уставот на Република Северна Македонија, Европската конвенција за човекови права, релевантни закони и пресуди на Европскиот суд за човекови права.

Подносителот нагласува дека оспорените одредби се во директна колизија со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, Европската конвенција за човековите права и други релевантни закони, како што се Законот за судовите, Законот за управни спорови и Законот за општата управна постапка.

Посебно, се наведуваат повреди на следните принципи:

- член 8 од Уставот на Република Северна Македонија: неповредливост на човековите права и слободи,
-член 50 од Уставот на Република Северна Македонија: гарантирано право на судска заштита,
-член 6 од Европската конвенција за човекови права: задолжително фер судење и
-членови 9, 13, 14, 17 и 18 од Европската конвенција за човекови права: Апсолутна забрана на дискриминација, неотуѓиво право на ефективен правен лек, фундаментално право на слобода на мислата, совеста и религијата, есенцијално право на слобода на изразување, неприкосновено право на слобода на мирно собирање и здружување.

Подносителот се повикува на пресуди на Европскиот суд за човекови права донесени против Република Северна Македонија (Grozdanoski, Naumoski, Taseva Petrovska), кои потврдуваат дека практики слични на оние кои ги овозможуваат оспорените одредби претставуваат повреда на член 6 од Европската конвенција за човековите права (право на фер судење).

Пример е пресудата во случајот Тасева Петровска против Република Македонија (73759/14), каде за трет пат се констатира повреда на член 6 од Европската конвенција за човекови права поради непочитување на начелото на еднаквост на оружјата во постапката.

Подносителот укажува дека членовите 70 и 80 од Законот за управни спорови, кои им даваат можност на судовите да ги игнорираат повредите на постапката доколку оценат дека тие не влијаеле на исходот на спорот, лимитираат правото на жалба, гарантирано со Уставот.

Подносителот истакнува дека оспорените одредби од Законот за управни спорови не дефинираат прецизно кои повреди на постапката се „влијателни“ а кои „невлијателни“, што резултира со правна несигурност.

Подносителот презентира примери на непрофесионалност, некомпетентност, занемарување на релевантни факти и правни прописи и фаворизирање на едната

страна во спорот (најчесто државните органи), што, според него, е последица на нејасните одредби од Законот за управни спорови кои овозможуваат злоупотреба и прикривање на корупција и нелегални влијанија врз судиите.

Подносителот бара од Уставниот суд на Република Северна Македонија да ги прогласи за неуставни и незаконски оспорените одредби од Законот за управни спорови, да донесе решение за привремено запирање на примената на оспорените одредби до донесување на конечна одлука, со цел да се спречи понатамошна штета.

Имајќи го предвид претходно наведеното, одредбите се неопходни за ефикасно функционирање на управниот систем и соодветна заштита на правата на граѓаните.

Оспорените одредби се од клучно значење за ефикасноста на управната постапка, бидејќи му овозможуваат на судот да се фокусира на суштинските прашања во спорот.

Укинувањето на овие одредби би довело до правна несигурност и би го отежнало решавањето на управните спорови, што би било на штета на граѓаните.

Притоа според одредбите од член 59 од Законот за управни спорови, кој ги дефинира причините за носење т.н. одбивачки пресуди, според ставот (2) од овој член, судот ќе ја одбие тужбата како неоснована и кога ќе утврди дека има недостатоци во постапката што претходела на донесувањето на оспорениот акт, но тие не биле од влијание за решавање на предметот на спорот.

Тргнувајќи од ова може да се заклучи дека оспорените одредби се есенцијални за заштитата на правата на граѓаните во управната постапка, бидејќи гарантираат основа судот да ги разгледа сите релевантни факти и околности пред да донесе одлука во конкретен предмет.

Укинувањето на оспорените одредби би довело до правна несигурност и би го отежнало решавањето на управните спорови.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Александар Наумовски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.248/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 59 став (2) во делот „и кога ќе најде дека има недостатоци во постапката која претходела на донесувањето на оспорениот акт, но тие не биле од влијание за решавање на предметот во спорот“, член 70 став (1) алинеја 1 во делот „суштествена“, член 70 став (2) во делот „суштествена“ и во делот „а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда“, член 79 став (3) во делот „суштествена“, член 80 став (1) во делот „или тие не се од влијание за донесување на поинаква одлука“, член 80 став (2) во делот „суштествена“ и член 81 став (3) во делот „кои имале одлучувачко значење“, делот „поради“ и во делот „тие“, сите од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19).

**Точка 22**

Владата ја разгледа Иницијативата од Александар Наумовски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.246/2024 за оценување на уставноста на член 33 став 5 и став 6 во делот „Во случаите од ставот (5) на овој член, кога судот не е во можност да одлучи за предметот без списите", од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 150/24 и 220/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата подносителот бара Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на член 33 став 5 и став 6 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 150/24 и 220/24), кои гласат:

"Член 33 став 5: Доколку тужениот или друг орган што располага со списите, по барањето на судот не ги достави сите списи со предметот во рокот определен од судот или изјави дека не може да ги достави, судот одлучува за предметот без списите и став 6: Во случаите од ставот (5) на овој член, кога судот не е во можност да одлучи за предметот без списите, судот со решение изрекува парична казна во износ до 20 % од месечната плата на лицето што го донело оспорениот акт."

Член 33 став 5 се однесува на доставување на тужбата до тужениот и заинтересираното лице, и предвидува дека судот ќе одлучи за предметот без списите доколку тужениот не ги достави сите списи во рокот определен од судот, а став 6 се однесува на случаите кога судот не е во можност да одлучи за предметот без списите и предвидува изрекување на парична казна за тужениот орган.

Подносителот на Иницијативата тврди дека овие одредби се неусогласени со Уставот на Република Северна Македонија, Европската конвенција за човековите права и Законот за судовите. Според подносителот на Иницијативата, оспорените одредби го загрозуваат уживањето на правата признати со Уставот и Европската конвенција за човековите права.

Тој нотира дека оспорените одредби се во директна неусогласеност со одредбите од членот 50, Амандманот XXI , членовите 9 и 54 од Уставот на Република Северна Македонија, членот 6 став 1, членот 13, членот 17, членот 18 и членот 14 од Европска конвенција за заштита на човековите права, не се во согласност со членовите 2, 3, 4, 5, 6, членот 10 и членот 36 став 1 од Законот за судовите, како и со членовите 2, 3, 7, 8, 9 и 10, членот 24 ставови 3, 4 и 5, членовите 37 и 38 и членот 58 ставови 1, 3 и 4 од Законот за управни спорови, што предизвикува нефункционалност на судскиот систем, повлекување, отстапување и откажување од страна на судовите.

Подносителот нотира дека оспорените одредби повредуваат основни права и слободи на граѓаните, како правото на фер судење, правото на жалба, правото на еднаквост пред законот, правото на заштита на сопственоста и правото на судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и предизвикуваат неправични и неефикасни судски постапки, со тоа што дозволуваат

одлучување во управни спорови без списи, што е спротивно на основните начела на судството.

Како што е наведено во Иницијативата од страна на подносителот, овие одредби спречуваат мериторно одлучување од страна на судот, со тоа што го ограничуваат правото на жалба и го оневозможуваат ефективното испитување на управните акти. Тој нагласувува дека создаваат нерамноправна ситуација за граѓаните, со тоа што дозволуваат јавните органи да не ги доставуваат списите на судот, а судот да одлучува без нив, односно предизвикуваат дискриминација на граѓаните во судските спорови, во зависност од несовесното дело на јавната администрација.

Подносителот на Иницијативата бара од Уставниот суд да ги укине оспорените одредби и да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на овие одредби.

Имајќи го предвид погореопишаното, Владата на Република Северна Македонија е на став дека оспорените одредби се усогласени со Уставот на Република Северна Македонија, Европската конвенција за човекови права и другите закони. Членот 33 став 5 од Законот за управни спорови е воведен со цел да се спречи опструкција на управно-судската постапка од страна на органите на управата. Имено, во праксата се јавуваат случаи кога органите на управата и покрај обврската пропишана со закон, не ги доставуваат навреме сите релевантни списи до Управниот суд. Оваа одредба овозможува судот да не биде блокиран во такви ситуации и да може да донесе одлука врз основа на расположливите докази.

Во однос на членот 33 став 6 од Законот за управни спорови, оваа одредба предвидува можност за изрекување на парична казна за одговорното лице во органот на управата, доколку судот не е во можност да донесе одлука без списите. Оваа одредба има за цел да ја зголеми одговорноста на органите на управата и да обезбеди навремено доставување на сите потребни документи до судот.

Тоа значи дека според член 33 став 5 и став 6, тужениот е должен да ги достави сите релевантни списи за случајот на барање на судот. Недоставувањето на списи може да доведе до поништување на оспорениот акт.

Управниот суд има право да ги побара сите списи од предметот од тужениот орган кој го донел оспорениот управен акт. Оваа обврска, по правило, паѓа на второстепениот орган доколку е поднесена жалба.Судот може да го реши спорот без списи само во исклучителни случаи, на пример, кога од тужбата и одлуката е јасна фактичката состојба, а се оспорува само примената на правото. Доколку тужениот не ги достави списите без оправдана  причина, судот може да му изрече парична казна. Оваа мерка има за цел да ја зајакне контролата врз работата на управата и да ја нагласи важноста на навремено доставување на документацијата.

Дополнително, Законот за управни спорови предвидува и други механизми кои овозможуваат фер и ефикасна судска заштита, дури и во случаите кога тужениот не ги доставил сите списи, т.е со долунаведените члена :

- Член 33 став 3 од Закон за управни спорови гласи: „Во одговорот на тужбата, тужениот треба да се произнесе по однос на тужбата и наводите во тужбата и е должен во утврдениот рок да ги достави сите списи, кои се однесуваат на предметот”. Тужениот е должен во одговорот на тужбата да ги достави сите списи кои се однесуваат на предметот.

-Член 36 став 1 од Законот за управни спорови гласи: „На барање на судот, секој јавен орган е должен, согласно закон да ги достави сите документи и податоци со кои располага, а кои се од интерес за решавање на конкретниот предмет, во рокот определен од судот”.Судот може да побара од јавните органи да достават документи и податоци кои се од интерес за решавање на предметот.

-Член 60 став 3 алинеја 2 од Законот за управни спорови гласи: „ По исклучок од ставот (1) на овој член, судот ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и ќе го врати на повторно одлучување на органот кој го донел, и тоа: алинеа 2 - доколку природата на управната работата не дозволува одлучување во полна јурисдикција, односно не може целосно да ги утврди фактите по суштинските прашања и треба во управната постапка да се утврди вистинската фактичка состојба”. Доколку судот не е во можност да донесе одлука врз основа на расположливите докази, може да ја врати тужбата на дополнување.

Се смета дека овие механизми, заедно со можноста за изрекување парична казна, претставуваат доволна гаранција дека правото на фер судење нема да биде повредено. Оспорените законски одредби не го повредуваат правото на фер судење, бидејќи судот е должен да ја заснова својата одлука врз основа на доказите кои се изведени во постапката. Доколку судот не е во можност да донесе одлука врз основа на расположливите докази, тој ќе ја врати тужбата на дополнување или ќе преземе други мерки предвидени со закон.

Врз основа на горенаведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 150/24 и 220/24).

## Точка 23

Владата ја разгледа Иницијативата од Александар Наумовски од Битола доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.249/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 60 став 3 алинеја 2 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 150/24 и 220/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 60 став 3 алинеја 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 150/24 и 220/24), кој гласи:

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, судот ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и ќе го врати на повторно одлучување на органот кој го донел и тоа:
- доколку природата на управната работата не дозволува одлучување во полна јурисдикција, односно не може целосно да ги утврди фактите по суштинските прашања и треба во управната постапка да се утврди вистинската фактичка состојба.

Подносителот тврди дека оваа одредба ги повредува правата на граѓаните на правично судење во разумен рок, правото на жалба, правото на еднаков пристап до суд, правото на заштита од дискриминација и правото на правна сигурност.

Во Иницијативата подносителот нотира дека оспорената одредба е во спротивност со одредбите од членовите 8, 9, 50, 51, 54 и Амандманот XXI од Уставот на Република Северна Македонија, членовите 6, 13, 14, 17 и 18 од Европската конвенција за човекови права, членовите 2, 3, 4, 5, 6, 10, 14, 20 и 36 од Законот за судовите и членовите 2, 3, 7, 10, 11, 12, 24, 33, 35, 36, 60 и 69 од Законот за управни спорови. Понатаму, подносителот укажува дека оспорената одредба е нејасна, двосмислена и доведува до правна несигурност. Тврди дека го претвора исклучокот во правило, што е непринципиелно и недозволено, а Управниот суд ја користи како единствено правило, спротивно на својата улога да го применува, а не да го создава правото. Според него, оваа одредба доведува до одолговлекување на постапките, што е спротивно на правото на судење во разумен рок, и може да предизвика тешки последици за граѓаните, кои ќе мораат да вложуваат дополнителни напори, материјални средства и време за да ги заштитат своите права.

Подносителот на Иницијативата смета дека оспорената одредба е неуставна и бара од Уставниот суд да ја укине. Воедно бара од Уставниот суд да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на овде оспорениот пропис, бидејќи со нивното извршување би можело да настанат тешко отстранливи последици.

Имајќи го предвид погореопишаното, Владата на Република Северна Македонија е на став дека член 60, став 3, алинеа 2 од Законот за управни спорови е во согласност со Уставот. Член 60 од Законот за управни спорови генерално го обврзува Управниот суд да донесе мериторна одлука, т.е самиот да ја реши управната работа, односно да утврди дали еден управен акт е законит и да донесе соодветна пресуда. Ова е правило, а исклучоците се строго дефинирани.

Став 3, алинеа 2 од член 60 предвидува исклучок од ова правило во ситуации кога природата на управната работа не дозволува одлучување во полна јурисдикција. Ова значи дека доколку комплексноста на случајот или недостапноста на докази го спречуваат судот да ги утврди сите факти и да донесе конечна одлука, враќањето на предметот на надлежниот орган е неопходно за правично и темелно решавање на спорот. Суштината на оваа одредба е дека судот може да се соочи со ситуации каде што не се достапни сите релевантни докази за да се донесе конечна одлука.

Враќањето на предметот на органот може да биде поефикасно од спроведување на комплицирана и долготрајна судска постапка.

Оваа одредба е во функција на обезбедување на ефикасна и правична судска заштита и не доведува до правна несигурност. Таа овозможува флексибилност во постапувањето на судот и му дава можност да го избере најсоодветниот начин за решавање на спорот, во зависност од конкретните околности.

Важно е да се истакне дека примената на оваа одредба е ограничена на исклучителни случаи, а судот е должен да се потруди да ги утврди сите релевантни факти и да донесе мериторна одлука секогаш кога е тоа можно. Префрлањето на одговорноста за повторно одлучување на административниот орган треба да биде исклучок, а не правило.

Врз основа на горенаведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 150/24 и 220/24).

## Точка 24

Владата ја разгледа Иницијативата од Александра Илиева Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.254/2024 за оценување на уставноста на член 288, член 381 ставови 3 и 4 и членовите 483, 484, 485, 486, 487, 488, 489 и 490 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се оспоруваат член 288, член 381 ставовите 3 и 4, член 483, член 484, член 485, член 486, член 487, член 488, член 489 и член 490 од Законот за кривичната постапка. Имено, подносителот на Иницијативата наведува дека членот 288 од Законот за кривичната постапка е спротивен со членот 8, членот 15, членот 98 ставовите 1 и 2 и членот 106 од Уставот како и со членот 6 од Европската конвенција за човекови права.

Подносителот наведува дека јавниот обвинител е поставен како орган кој ги гони сторителите на кривични дела. Исто така, подносителот истакнува дека согласно член 6 ставот 2 од Законот за судовите, при одлучувањето за граѓанските права и обврски и при одлучувањето за кривичната одговорност, секој има право на правично и јавно судење во разумен рок пред независен и непристрасен суд основан со закон. Подносителот наведува и дека „нејасно е како органот кој треба да гони одеднаш станува и орган кој одлучува дали постои или не постои кривично дело, дали делото е застарено, дали настапила амнестија или помилување, дека не постоело сомнение дека пријавениот сторил кривично дело или дали постојат други околности кои го исклучувале гонењето.“. Подносителот истакнува и дека нејасно е како законодавецот спротивно на член 6 од Законот за судовите, со членот 288 од

Законот за кривичната постапка му дал за право на јавниот обвинител самостојно да одлучува, за постоење или непостоење на кривично дело, кога тоа одлучување согласно членот 4 од Законот за судовите е надлежност на судот и претставува целосно судска работа. Според подносителот на Иницијативата, вака поставениот јавен обвинител претставува вонреден воспоставен и пристрасен суд затоа што има спојување на органот што гони и органот кој одлучува и обвинителот е изедначен со суд кој што одлучува да не се гонат сторителите, додека оштетените се оставени без можност на судска заштита.

Во однос на членот 381 ставовите 3 и 4 од Законот за кривичната постапка, подносителот на Иницијативата наведува дека секое договарање во судско кривична постапка е спротивна на целата поставеност на нашиот правен систем, а пред се, тоа е спротивно на членот 13 од Уставот. Според подносителот, со членот 381 ставовите 3 и 4 од Законот за кривичната постапка се дерогира целата судска постапка за утврдување на вина и со тоа што оној кој признал вина нема право на жалба, тоа значи дека веќе се смета за правосилно осуден без спроведена постапка за утврдување на вина.

Во однос на оспорените членови 483, 484, 485, 486, 487, 488, 489 и 490 од Законот за кривичната постапка, подносителот го поставува прашањето каква е оваа спогодба за донесување на пресуда врз основ на спогодба во кривична постапка, со која јавниот обвинител ја презема улогата на адвокат и нотар.

Врз основа на наведеното, подносителот на Иницијативата бара да се поништат цитираните членови од Законот за кривичната постапка.

Во членот 8 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок, меѓу другите, се утврдени и:
- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- владеењето на правото и
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Во Амандманот XXI од Уставот се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Имено, пропишано е дека правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Во Амандманот XXV е пропишано дека судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Забранети се вонредни судови. Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Во членот 106 од Уставот е пропишано дека Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.

Со Амандманот XXX е уредено дека Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Функцијата на јавното обвинителство ја вршат Јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители. Надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и функционирањето на јавното обвинителство се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Во членот 288 од Законот за кривичната постапка е пропишано дека:

„Член 288
Отфрлање на кривичната пријава

(1) Јавниот обвинител со решение ќе ја отфрли кривичната пријава ако од самата пријава произлегува дека пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, ако настапила застареност или делото е опфатено со амнестија или помилување, ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето или ако не постои основано сомневање дека пријавениот го сторил кривичното дело.

(2) Решението за отфрлање на кривичната пријава му се доставува на оштетениот со поука дека може во рок од осум дена да поднесе жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител, а подносителот на пријавата се известува за причините за отфрлањето.

(3) Доколку жалбата е недозволена или ненавремена повисокиот јавен обвинител писмено ќе го извести оштетениот.

(4) Повисокиот јавен обвинител во рок од 30 дена по приемот е должен да одлучи по жалбата на оштетениот.

(5) Постапувајќи по жалбата, повисокиот јавен обвинител може со решение да го потврди решението за отфрлање на кривичната пријава или жалбата да ја уважи и да го задолжи понискиот јавен обвинител да ја продолжи постапката.“.

Во членот 381 од Законот за кривичната постапка е пропишано дека:
„Член 381
Донесување на пресуда врз основа на признание на вината во текот на главната расправа

(1) По поуката за правата на обвинетиот без оглед на природата и тежината па кривичното дело за кое се води постапката, обвинетиот може доброволно да ја признае вината во однос на едно или повеќе кривични дела од обвинението.

(2) По даденото признание за вината, судијата поединец, односно претседателот на советот е должен да испита дали признанието е доброволно, дали обвинетиот е свесен за правните последици од признавањето на вината, за последиците сврзани за имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка.

(3) По спроведувањето на дејствијата од ставот (2) на овој член од страна на судот, во доказна постапка ќе се изведат само оние докази што се однесуваат на одлуката за санкцијата.

(4) Во однос на пресудата или делот од пресудата што е донесена како резултат на признавањето на вината на обвинетиот во текот на главната расправа, обвинетиот не може да поднесе жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба.".

Во Главата XXIX е детално уредена материјата за ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСУДА ВРЗ ОСНОВА НА СПОГОДБА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ И ОСОМНИЧЕНИОТ и тоа во однос на: поднесување па предлог-спогодбата, предметот на спогодувањето, елементите на предлог-спогодбата, учеството на бранителот на осомничениот во спогодувањето, неучеството на судот во спогодувањето за вината, постапувањето по предлог-спогодбата, одбивање на предлог-спогодбата и пресудата врз основа на предлог-спогодба.

Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби од Законот за кривичната постапка се во согласност со Уставот поради следниве причини:

1. Во однос на оспорениот член 288 од Законот за кривичната постапка, се истакнува дека една од законските можности за завршување на предистражната постапка е донесување решение за отфрлање на кривичната пријава. Законските основи поради кои јавниот обвинител може да ја отфрли кривичната пријава се материјално-правни и процесно-правни. Пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност туку е материјално-правен основ за отфрлање на кривичната пријава. Ваквиот основ би постоел кога во пријавеното дејствие недостасува некој од законските обележја на предметното дело, но и во случај кога пријавеното дело постои, но се гони по приватна тужба. Другите законски основи се: ако настапила застареност или ако делото е опфатено со амнестија или помилување, ако постојат други околности кои го исклучуваат гонењето (смрт на осомничениот, потребно е одобрение за гонење или пријавеното лице ужива имунитет) се процесно-правни причини. Ако не постои основано сомнение дека пријавениот го сторил кривичното дело, е нова околност, за разлика од поранешната, ако не постојат основи на сомневање дека пријавениот го сторил делото. Со оглед на фактот што јавниот обвинител раководи со предистражната постапка, тој е должен сам или преку правосудната полиција во оваа фаза од постапката да прибира информации и докази во прилог на основаноста на сомнението за сторено дело, по што ќе спроведе истрага. Ако во предистражната постапка од доставеното во прилог на пријавата и од дополнително направените проверки од негова страна или преку други органи, нема основано сомнение за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, сосема разбирливо, ќе

ја отфрли кривичната пријава. Една од позначајните новини кои се пропишани во оваа фаза од постапката е напуштањето на институтот на супсидијарна тужба. Според новиот концепт на Законот, јавниот обвинител е субјектот кој ја води истражната постапка и кој одлучува за нејзино поведување. Пропишани се забрзани постапки за донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот во истражната постапка, постапка за издавање на казнен налог. Очигледно неспојливо е друг субјект да ја спроведува истражната постапка или да му издаде наредба на јавниот обвинител, кој веќе ја отфрлил кривичната пријава, да спроведе истражна постапка. Сосема незначителниот број на успешни супсидијарни тужби пред судовите, исто така, беше една од главните причини за напуштање на овој институт. Од друга страна, оштетените користејќи го ова право, во многу случаи и тенденциозно, непотребно ги оптоваруваа судовите со предмети. Контролата на решенијата за отфрлање на кривичната пријава сега се остварува со право на оштетениот за поднесување жалба до повисокиот јавен обвинител. Доколку јавниот обвинител донесе решение за отфрлање на кривичната пријава, примерок од него му доставува на оштетениот, со поука дека може во рок од осум дена да поднесе жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител. Со ваквото законско решение се задоволуваат меѓународните стандарди, за правото на жалба против сите првостепени одлуки на државните органи. Од друга страна, во практиката кога повисокиот јавен обвинител, остварувајќи го своето право на надзор врз работата на пониските јавни обвинителства, ќе констатираше неправилно донесено решение за отфрлање на кривичната пријава, немаше никаква процесно-правна можност да ја отстрани оваа неправилност (незаконитост). Сега преку овој институт повисокиот обвинител, по изјавена жалба од оштетениот, би можел да ја отстранува оваа незаконитост. Освен на оштетениот, на кого му се доставува примерок од решението со наведената поука, подносителот на пријавата се известува за причините за отфрлањето. Повисокиот обвинител, постапувајќи по жалбите поднесени од оштетените може да донесе два вида на одлуки. Доколку оцени дека жалбата на оштетениот е неоснована, со решение го потврдува решението за отфрлање на кривичната пријава донесена од страна на Основното обвинителство. Повисокиот обвинител со решение може да ја уважи жалбата на оштетениот и да го задолжи понискиот обвинител да ја продолжи постапката.

2. Во однос на оспорениот член 381, ставовите 3 и 4, се истакнува дека овој член е во целосна согласност со одредбите од Уставот. Постапката за признавање на вина на главната расправа е регулирана во членовите 380 и 381 од Законот за кривичната постапка. Според овие одредби, откако ќе го поучи обвинетиот за правото да молчи односно да даде исказ, за можноста да изнесува докази во своја одбрана, да им поставува прашања на лицата што се испитуваат и да става забелешки во однос на нивните искази, претседателот на советот има обврска да го повика обвинетиот да се произнесе дали се чувствува виновен или не во однос на кривичните дела опфатени со обвинението. Од содржината на овој став произлегува дека обвинетиот признавањето на вината може да го даде без оглед на природата и тежината на кривичното дело за кое се води постапката, односно дека тоа може да се направи за кое било кривично дело. Исто така, тој може да ја признае вината во однос на едно или повеќе кривични дела содржани во обвинението. За да може да биде прифатено

како признание, признанието на обвинетиот мора да ги содржи следниве аспекти: тоа треба да ги опфаќа сите битни обележја на кривичното дело кое му се става на товар, да не содржи основ за исклучување на противправноста, како и да не содржи основ за исклучување на кривичната одговорност на обвинетиот. Според Законот за кривичната постапка, судијата поединец односно, претседателот на советот, по даденото признание за вината, е должен да испита: дали е доброволно признанието; дали е свесен обвинетиот за правните последици од признавањето на вината и дали е свесен обвинетиот за последиците сврзани за имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка. Ваквиот законски текст упатува на заклучок дека признанието на вината може да се прифати само доколку се исполнат следните услови: изјавата за признавање на вината да биде дадена доброволно, свесно и со разбирање, како и откако ќе биде предупреден обвинетиот за правните последици и последиците поврзани со имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка. За да се смета дека изјавата за признавање на вината е дадена доброволно, потребно е таа да биде израз на слободна волја и одлука на обвинетиот. Изјавата на обвинетиот не смее да биде резултат од употреба на сила, закана или друга форма на присилба или ветување на некаква корист. Ова произлегува и од начелото на законитост на доказите содржано во ставот 1 од членот 12 од Законот за кривичната постапка, според кој е забрането да се изнудува од обвинетиот или од друго лице кое учествува во постапката признание или некаква друга изјава. Во оваа смисла, доброволноста вклучува два елементи: прво, обвинетиот мора да биде ментално способен да ги сфати своите постапки кога се изјаснува дека ја признава вината и второ, изјаснувањето не смее да биде резултат од каква било закана или ветување за каква било корист, освен очекување дека со признанието на вината обвинетиот ќе добие помала казна. Притоа треба да се нагласи дека станува збор за очекување на помала казна, а не за некаков претходен договор за видот и висината на казната помеѓу обвинетиот, судот и обвинителот. Свеста на обвинетиот, како услов за прифаќање на неговото признание, исто така се цени според повеќе критериуми. За да може судот да го прифати изјаснувањето на обвинетиот за признание на вина, потребно е тој да го разбира значењето на тој акт, што подразбира таквото признавање, да е запознаен со процесното значење и процесните последици од изјавата за признавање на вината, како и со последиците кои таквата изјава може да ги има за него со донесувањето на пресудата и изрекувањето на санкцијата. Обвинетиот кој се изјаснува дека се чувствува виновен мора да ја разбира природата и последиците од таквото изјаснување, како и да знае со сигурност во однос на што се изјаснува дека е виновен. Изјавата не смее во себе да содржи елементи кои, доколку би се утврдило дека постојат, би претставувале основ за исклучување на постоење на кривично дело. На пример, обвинетиот не смее да признае дека убил некого, а истовремено да наведува околности кои укажуваат дека тоа го сторил во нужна одбрана. Судот испитува дали до признавањето на вината дошло доброволно, свесно и со разбирање па правните последици и последиците поврзани со имотно-правните барања и трошоците на постапката, врз основа на непосредна комуникација со обвинетиот и неговиот бранител, како и врз основа на податоците за неговата личност, здравствената состојба, податоци за неговиот поранешен живот, доколку има такви на располагање.

Клучната новина која произлегува од Законот за кривичната постапка е во тоа што сега врз основа на ваквото признание и под услови определени со Законот се редуцира доказната постапка. Ова од причини што во случаите кога судот ќе утврди дека се исполнети условите за прифаќање на изјавата на обвинетиот за признавање на вината, во доказната постапка се изведуваат само оние докази што се однесуваат на одлуката за санкцијата. Тоа значи дека како докази се изведуваат изводите од казнената евиденција на обвинетиот, разни потврди или уверенија за неговата материјална и семејна состојба, докази за неговата здравствена состојба или состојбата на членовите на неговото семејство, околности и докази кои укажуваат дека делото е извршено од небрежност и слично. Дел од овие докази се веќе предложени писмени докази, а дел можат да се обезбедат преку директно испитување на обвинетиот од страна на бранителот. Исто така, дел од доказите кои се однесуваат на санкцијата можат да се добијат преку испитување на оштетениот во смисла на тоа дали настапила штета, дали обвинетиот ја надоместил, како се однесувал по сторување на кривичното дело и слично. Пресудата која е донесена врз основа на прифатеното признание за вина на обвинетиот е осудителна пресуда и ги има сите елементи согласно членовите 404 и 408, освен ставот 6 од член 408, затоа што фактичката состојба судот ја утврдува како неспорна врз основа на признанието на вината, а во контекст на предложените докази. Обвинетиот признанието на вината го дава од причини познати нему, а судот треба да го прифати доколку се увери дека е дадено свесно и доброволно. На главната расправа ќе се изведат и доказите кои се однесуваат на трошоците во постапката, на имотно-правното барање, на одземањето предмети, на конфискација, на мерки за безбедност, доколку се предложени од странките и слично. Во зависност од тоа дали обвинетиот признал вина во однос на сите или само на некои од кривичните дела, судот ќе донесе пресуда врз основа на признание на вина само за тие кривични дела за кои се однесува признанието, а ќе ја раздвои постапката за кривичните дела за кои обвинетиот не дал признание на вина или за другите сообвинети. На таквата пресуда обвинетиот не може да поднесе жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба.

3. Во однос на оспорените одредби од Главата која се однесува на ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСУДА ВРЗ ОСНОВА НА СПОГОДБА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ И ОСОМНИЧЕНИОТ, Владата на Република Северна Македонија истакнува дека ова е нов концепт за прв пат воведен во Законот за кривичната постапка од 2010 година, кој е во целосна согласност со уставните одредби. Постапката за спогодување за кривична санкција за првпат се воведе со Законот за кривичната постапка од 2010 година и претставува новина којашто освен во англосаксонскиот правен систем, постои во многу држави од континентална Европа. Иако навидум се чини дека спогодувањето се судира со основните постулати на класичното казнено-процесно право својствено за европското тло, во повеќе европските држави подолго време легислативно е пропишана и бележи богата практика постапката за изрекување санкција врз основа на предлог на странките. Поедноставените и забрзани постапки во споредбеното право (Германија, Италија, Франција, Норвешка, Холандија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија) се резултат од настојувањето за забрзување и ефектуирање на казненото процесно постапување, а со самото тоа и на казнената правда. Новите решенија со кои суштински се реформира

процедуралното постапување, претставуваат, во својата основа, англосаксонски институти кои имаат долгогодишна традиција во државите од common law со нивно нужно приспособување кон европската правосудна практика. Традиционалното казнено-процесно право и судска практика својствени за европското тло, долги години се спротивставуваа на спогодбената односно консензуалната правда, тргнувајќи од определбата дека казнената реакција е строго законски утврдена и не познава дијалог, компромис, ниту договор со оглед на фактот што главната цел е заштита на фундаменталните социјални вредности. Спогодбената правда треба да се сфати како начин за приспособување на постапката кон околностите на случајот. Таа поттикнува иницијативност на странките и нивна подготвеност да се прифати предлогот на другата страна, да се преговара, да се изнајде компромисно решение во рамките на законски дозволените овластувања на странките. Клучна улога во прифаќањето на различни облици на спогодување, во еден дел, се должи на прифаќањето на Препораката бр. Р (87) 18 на Комитетот на министри па Советот на Европа за поедноставување на казнената правда којашто изречно ја препорачува постапката за спогодување со цел за забрзување на постапувањето. Имено, кога обвинетиот ја признава вината не треба да биде долготрајно во неизвесност за санкцијата што следува. Кога постои признание од обвинетиот, правилата на постапката мора да бидат поедноставени. Забрзувањето се однесува на неизведување на докази поврзани за фактичката состојба и постапката е едноставна, брза и ефикасна бидејќи судот треба само да ја изрече санкцијата. Една од причините за прифаќање на спогодувањето за кривичната санкција беше настојувањето да се скрати траењето на кривичната постапка во случаите кога фактичката состојба е неспорна за обете странки, кога обвинителството располага со доволно докази во однос на кривично-правниот настан, при што и без изведување на прибавените докази судијата ќе може да донесе основана, законита и правична пресуда. Одредбите од оваа глава се применуваат и во текот на оцената на обвинителниот акт, каде што основа за отпочнување на постапката за спогодување е изјавата за признавање вина. За разлика од моделот на спогодувањето за кој се определил Законот за кривичната постапка лимитирајќи го до фазата на оцена на обвинението, во дел од државите во регионот (на пример, Босна и Херцеговина, Србија) дозволено е спогодување и во текот на самата главна расправа. Во нашиот систем, спогодувањето се одвива во текот на истражната постапка, пред поднесување на обвинителен предлог за дела за коишто се води скратена постапка и во фаза на оцена на обвинителниот акт.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 288, член 381 ставовите 3 и 4, член 483, член 484, член 485, член 486, член 487, член 488, член 489 и член 490 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 288, член 381 ставовите 3 и 4, член 483, член 484, член 485, член 486, член 487, член 488, член 489 и член 490 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), односно да донесе Решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овие одредби од Законот.

## Точка 25

Владата ја разгледа Иницијативата од д-р Леонид Трпеноски, адвокат во Адвокатско друштво Трпеноски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.222/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 197 став 1 точка 2 во делот „или лицата од членот 215 став ( 1) на овој закон“, член 198 став 2 во делот „од членот 185 на овој закон“, член 202 став 11, член 205 став 1 во делот „за припадноста на заедница“, член 206 став 6 во делот „согласно со членовите 489 до 496“, член 222 во делот „членот 392 став 2 од“, член 242 став 2 во делот „а ако е потребно, ќе се постапи согласно со одредбите на членот 239 став 4 од овој закон“, член 317 став 2 во делот „ќе се примени членот 391 став 3 од овој закон“ и во втората реченица „то“ од зборот Решението, од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18) и притоа го утврди следното мислење:

Во однос на оспорените член 59 став 2, член 66 став 2, член 88 став 6, член 111 став 2, член 197 став 1 точка 2, член 198 став 2, член 206 став 6, член 222, член 242 став 2, член 317 став 2, член 345 став 3, член 355 став 2, член 357 став 1, член 364 став 1, член 366 член 439 став 3, член 448 став 2, член 456 став 1, член 468, член 475 став 8, член 499 став 3, член 500 став 5, член 502 став 1, член 509 став 2, член 535 став 1 и член 551 став 2,  од Законот за кривичната постапка, се истакнува дека станува збор за технички грешки во текстот на Законот, што не претставува надлежност на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Исто така, се смета дека оспорените член 35 став 2 во делот „од членот 33 став (1) на овој закон“, член 58 став 2, член 88 став 6, член 93 став 1 во делот „ , најдоцна до завршувањето на истражната постапка“, член 104, член 118 став 1 во делот „според одредбите со кои се регулира извршувањето“, член 120 став 1 во делот „според одредбите што важат за извршувањето“, член 130 став 3 во делот „тече од денот на доставата на обвинетиот. Ако на обвинетиот му е изречена мерката притвор или е на издржување на казна затвор, рокот“, член 143 став 1, член 151, член 153 став 1 алинеја 1 во делот „- не дојде на уредно доставената покана и за тоа не го оправда изостанокот;“, член 184, член 193 став 2 (последната реченица) „Ако во домот е извршен и претрес тогаш ќе се состави записник во согласност со членот 192 од овој закон кој мора да ги содржи причините за претрес без наредба.“ и став 3, член 197 став 1 точка 2 во делот „или лицата од членот 215 став (1) на овој закон“, член 202 став 11, член 205 став 1 во делот „за припадноста на заедница,“, член 350 став 3 (последната реченица) „Кога странките и оштетениот присуствуваат на испитувањето ги имаат правата од членот 219 став (7) на овој закон.“, член 361 став 3 во делот „а на бранителот односно полномошникот ќе му се нареди да ги плати трошоците што настанале од прекинот или одложувањето“, член 376 став 3 во делот „јавниот обвинител или“, член 393 став 2 во делот „Ако обвинетиот во текот на главната расправа во заседанието стори кривично дело или“, член 449 став 1 точка 1 во делот „ , односно толкувачот“ и став 2 во делот „и 3“, член 450, член 454 став 3 во делот „ , или предметот да се врати во состојба на истражна постапка, односно да се спроведе истражна постапка ако ја немало“, член 479 став 2 во делот „е пропишана парична казна или казна затвор до

три години, ако обвинетиот не дојде на главната расправа, иако уредно е повикан или поканата не можела да се врачи поради очигледно одбегнување на обвинетиот да ја прими поканата, судот може да одлучи главната расправа да се одржи без негово присуство. За останатите кривични дела за кои“, член 481 став 4 во делот „ ,2“, член 506 став 6 во делот „ членот 58-а став (3) на“, член 508 став 2 во делот „за задржување на лица, за гаранција и одземање на патна исправа; за притвор;“, член 517 став 1 во делот „забрана за вршење на определена дејност или на сите дејности на правното лице до завршување на постапката и“, член 539 во делот „ , ако со одредбите на овој закон поинаку не е определено“ и член 556 во делот „(член 123)“ во Иницијативата се однесуваат на целисходноста на наведените одредби од Законот. Во таа смисла, се истакнува дека Уставниот суд на Република Северна Македонија нема надлежност да ја оценува целисходноста на законските одредби.

Воедно, работна група во рамките на Министерството за правда подолго време изготвуваше измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка. Поради обемноста на измените кои се повеќе од 1/3 од членовите на постојниот Закон ќе се пристапи кон донесување на нов предлог на закон за кривичната постапка. Во Предлогот на законот за кривичната постапка се вградени релевантните меѓународни и европски стандарди. Новиот Предлог на закон нуди одредени решенија за надминување на детектираните слабости во текот на десетгодишната примена од постојниот Закон за кривичната постапка. Дел од овие нови решенија, меѓу другото, се однесуваат на подобрување на одредбите поврзани со конфискација, жртви на кривичните дела, мерки за пронаоѓање и обезбедување на лица и предмети, електронски докази, посебни истражни мерки, финансиски истраги, увид во списите, одржување рочишта на далечина и изведување докази на далечина, известување на осомничениот за завршување на истражната постапка, постапување на судот по прием на обвинителниот акт, подготовки, тек на главната расправа и донесување и објава на пресуда, постапката по редовни и вонредни правни аспекти, скратената постапка и други аспекти од кривичната постапка. Во таа насока, новиот Предлог на закон за кривична постапка ги отстранува лоцираните технички грешки и одредени други одредби во текстот на постојниот Закон за кривичната постапка кај кои е лоцирана потреба за нивно редефинирање. Во овој момент Предлогот на закон за кривичната постапка се преведува на англиски јазик и се изработуваат кореспондентни табели кои во прилог на законот ќе бидат доставени преку Министерството за европски прашања до Европската комисија заради давање мислење, како обврска од Билатералниот скрининг за Поглавје 23 одржан во 2022 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, оспорените членови од Законот за кривичната постапка се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 2 во делот „од членот 33 став (1) на овој закон“, член 58 став 2, член 59 став 2, член 66 став 2, член 88 став 6, член 93 став 1 во делот „ , најдоцна до завршувањето на истражната постапка“, член 111 став 2 во делот „став (1)“, член 118 став 1 во делот „според одредбите со кои се регулира извршувањето“, член 120 став 1 во делот „според одредбите што важат за

извршувањето“, член 130 став 3 во делот „тече од денот на доставата на обвинетиот. Ако на обвинетиот му е изречена мерката притвор или е на издржување на казна затвор, рокот“, член 143 став 1, член 151, член 153 став 1 алинеја 1 во делот „- не дојде на уредно доставената покана и за тоа не го оправда изостанокот;“, член 184, член 193 став 2 (последната реченица) „Ако во домот е извршен и претрес тогаш ќе се состави записник во согласност со членот 192 од овој закон кој мора да ги содржи причините за претрес без наредба.“ и став 3, член 197 став 1 точка 2 во делот „или лицата од членот 215 став (1) на овој закон“, член 198 став 2 во делот „од членот 185 на овој закон“, член 202 став 11, член 205 став 1 во делот „за припадноста на заедница,“, член 206 став 6 во делот „согласно со членовите 489 до 496“, член 222 во делот „членот 392 став (2) од“, член 242 став 2 во делот „ ,а ако е потребно, ќе се постапи согласно со одредбите на членот 239 став (4) од овој закон“, член 317 став 2 во делот „ќе се примени членот 391 став (3) од овој закон.“ и во втората реченица „то“ од зборот Решението, член 345 став 3, член 350 став 3 (последната реченица) „Кога странките и оштетениот присуствуваат на испитувањето ги имаат правата од членот 219 став (7) на овој закон.“, член 355 став 2 во делот „од членот 353 став (2) на овој закон“, член 357 став 1 во делот „од членот 26 на овој закон,“, член 361 став 3 во делот „а на бранителот односно полномошникот ќе му се нареди да ги плати трошоците што настанале од прекинот или одложувањето“, член 362 став 2 и 4 целосно, а од став 3 последната реченица „Овој записник ќе го потпише испитаниот сведок, односно вештак.“, член 364 став 1 во делот „кој е уредно повикан, а не го извести судот за причините за својата спреченост, ќе се казни со парична казна предвидена во членот 89 од овој закон, а“, член 366 (последната реченица) „Во случај на одлагање, советот со решение ќе одлучи бранителот да ги поднесе трошоците што настанале поради одложувањето ако тоа може да се препише на негова вина.“, член 104 став 1 зборовите „бранителот,“ и „полномошникот,“, член 376 став 3 во делот „јавниот обвинител или“, член 393 став 2 во делот „Ако обвинетиот во текот на главната расправа во заседанието стори кривично дело или“, член 362 став 1, член 426 став 4 во делот „став (3)“, член 435 став 3 во делот „овите“ од зборот членовите „и 175 ставови (1) и (5)“, член 439 став 3 во делот „на членот 435“, член 448 став 2 (последната реченица) „Во поглед на докажувањето на кривичното дело на јавниот обвинител ќе се применуваат одредбите од членот 450 став (2) на овој закон.“, член 449 став 1 точка 1 во делот „ , односно толкувачот“ и став 2 во делот „и 3“, член 450, член 454 став 3 во делот „ , или предметот да се врати во состојба на истражна постапка, односно да се спроведе истражна постапка ако ја немало“, член 456 став 1 во делот „членот 364 од“ и став 3 во делот „ , а може да определи предметот да се врати во состојба на истражна постапка, односно да се спроведе истражна постапка ако ја немало“, член 468 во делот „ , 489“, член 475 став 8, член 479 став 2 во делот „е пропишана парична казна или казна затвор до три години, ако обвинетиот не дојде на главната расправа, иако уредно е повикан или поканата не можела да се врачи поради очигледно одбегнување на обвинетиот да ја прими поканата, судот може да одлучи главната расправа да се одржи без негово присуство. За останатите кривични дела за кои“, член 481 став 4 во делот „ , 2“, член 499 став 3 во делот „во смисла на членот 501 став (2) од овој закон“, член 500 став 5 во делот „ и 482“, член 502 став 1 (последна реченица) „За одрекување од правото на жалба или за писмената изработка на решението согласно се применува одредбата на членот 486 став (2) од овој закон.“, член 506 став 6 во делот „ членот 58-а став (3) на“, член 508 став 2 во делот „за задржување на лица,

за гаранција и одземање на патна исправа; за притвор;“, член 509 став 2 во делот „врз основа на членот 45 од овој закон“, член 517 став 1 во делот „забрана за вршење на определена дејност или на сите дејности на правното лице до завршување на постапката и“, член 535 став 1 во делот „утврдени со членот 194 од овој закон“, член 539 во делот „ , ако со одредбите на овој закон поинаку не е определено“, член 551 став 2 во делот „членот 551 став (1) од“ и член 556 во делот „(член 123)“.

**Точка 26**

1. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, бр. 02-2/3 од 3.1.2025 година, со која за директор на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, се избира м-р Нико Берберу, со мандат од 4 години.

2. Владата ја разреши Елена Тасевска, од должноста член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

3. Владата ја именува Анета Стамкова за член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, на предлог на Владата на Република Северна Македонија.

4. Владата го одби како неосновано Барањето со бр.14-13238/1 од 30.12.2024 година поднесен од Екрем Зендели, разрешен од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Центарот за управување со кризи, за остварување на право на плата по престанок на функцијата.

5. Владата на определените претставници од Владата на Република Северна Македонија на Комисијата за утврдување на репрезентативност, им утврди престанок на мандатот и тоа на:

- Ленче Коцевска,
- Снежана Поповска Зечевиќ и
- Диана Ефремоска.

6. Владата го разреши доц. д-р Мевлудин Ибиши, од должноста член на Одборот за евалуација на високото образование.

7. Владата го именува проф. д-р Сахмедин Сали за член на Одборот за евалуација на високото образование.

8. Владата од должноста вршители на должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид, ги разреши:

- Лидија Неданоска,
- Александар Алексијевски и
- Атина Маркоска.

9. Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид, ги именува:

- Билјана Димитрова Радеска,
- Љубица Попова и
- Драгана Боцеска.

10. Владата по објавениот Јавен оглас бр. 12/2024 за избор на претседател и 4 (четири) члена на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување од кои 2 (два) професионално ангажирани и 2 (два) непрофесионално ангажирани члена, заклучи да не врши избор на 1 (еден) непрофесионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

<u>Точка 27</u>

**1.** Владата, ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за дигитална трансформација, на ниво министер или заменик на министерот и ниво административен службеник, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да номинираат претставници од двете нивоа кои ќе учествуваат на состанок за Иницијатива за Алијансата за дигитален единствен пазар на податоци (DSMDA), организиран и предводен од генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, со цел развој на унифицирана платформа за податоци која ќе ги поддржи извештаите за одржливост, ќе го отклучи зелениот потенцијал на регионот и ќе помогне во соочувањето со предизвиците како што е Механизмот за прилагодување на цените на јаглерод.

**2.** Министерот за јавна администрација, Горан Минчев, ги информираше членовите на Владата во врска со најавените штрајкови за висината на платите во јавната администрација и состанокот кој ќе се одржи во Министерството за јавна администрација со претседателот на Сојузот на синдикати на Република Северна Македонија и претседателот на УПОЗ во врска со пакетот на закони кој се однесува на почетокот на реформи во јавната администрација.

**3.** Владата на предлог на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а по повод високите концентрации на загадување на амбиенталниот воздух во главниот град како и низ другите поголеми градови низ државата, кои во најголема мера се последица на начинот на кој се затоплуваат домаќинствата во зимскиот период, преку користење на отпад, гуми, несоодветни фосилни горива и дрвна маса, заклучи:

- Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до четврток или петок (16.1.2025 година или 17.1.2025 година), да организира состанок на кој ќе присуствуваат м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за

животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство и д-р Маре Богева Мицовска, директор на Бирото за јавни набавки – Министерство за финансии, на кој ќе се разгледаат еколошките алтернативи за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух преку обезбедување на еколошки систем на затоплување на домовите, меѓу кои и изградба на гасна инфраструктура до домаќинствата, како и потпишување на меморандум за разбирање со инвеститори, кои се подготвени во главниот град како и низ другите поголеми градови низ државата, да изградат термоелектрани, да направат соодветна топловодна мрежа и да произведуваат електрична енергија и топла вода за затоплување на домаќинствата, со цел да се отстранат причините за овој еколошки проблем.

**4.** Владата во врска со дигиталното потпишување на мислења, извештаи, изводоци, акти и записници на порталот e-vlada, го донесе следниот заклучок:

- Се задолжуваат претседателот на Владата на Република Северна Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, генералниот секретар и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, како и претседателите и замениците на претседателите на основните комисии на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 20 јануари 2025 година да предложат до Генералниот секретаријат термин за обука за ново имплементираната функционалност во системот e-vlada.

**5.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

**6.** Министерот за локална самоуправа, м-р Златко Перински ги информираше членовите на Владата со Табелата со податоци за секој проект поединечно од Потпрограмата АА со пресек 31 декември 2024 година.

**7.** Владата на предлог на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, ја задолжи Дирекцијата за заштита и спасување да подготви и до Владата да достави информација за бројот на хаварисани противпожарни возила кои не се користат, а има можност за нивно оспособување, како и да достави податоци во однос на средствата со кои располагаат правните субјекти и јавните претпријатија, во случаи на непогоди, поодделно по секоја општина.

**8.** Владата, на предлог на Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, заклучи Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, да учествува во работата на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи.

Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за констатирана фактичка состојба за неконтролираниот ископ на песок, чакал и камен од речното корито на реката Вардар во атарот на с.Ногаевци, Општина Градско, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да одржи дополнителен состанок со градоначалникот на Општина Градско, во врска со состојбата на мостот што се наоѓа во селото Ногавеци и мостот кај Башино село и за истото да ја информира Владата.

Точка 29

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

Исто така, да се има предвид незадоволството на Владата од досегашната работа на јавното обвинителство на Република Северна Македонија, особено во однос на нетранспарентноста во постапувањата, неефикасноста и неефективноста во справувањето со корупцијата и криминалот, а посебно со неговите организирани форми, како и недоволносто користење на ИКТ опремата, вклучително и системот за управување за движење на предмети во јавното обвинителство.

Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 23 јануари 2025 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација, за ко-претседавач на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања, веднаш да го достави пишаниот позадински материјал на англиски јазик до Европската комисија.

Точка 31

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 27 ноември 2024 година до 3 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 32**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 4 декември 2024 година до 10 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 33**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 11 декември 2024 година до 17 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 34**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 18 декември 2024 година до 24 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 35**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 27 ноември 2024 година до 3 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 36

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 4 декември 2024 година до 10 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 37

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 11 декември 2024 година до 17 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 38

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 18 декември 2024 година до 24 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 39

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 28 ноември 2024 до 4 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 40

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на

Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 5 декември 2024 до 11 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 41**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 12 декември 2024 до 18 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за ревидирање на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со ревидирана Стратегија и ги усвои Информацијата и ревидираната Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на Национална контакт точка и национален координатор и за формирање на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го назначи д-р Шабан Салиу, министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, за Национална контакт точка и национален координатор за имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030.

2. Ја донесе Одлуката за формирање на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

3. Се задолжуваат Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за локална самоуправа, Министерството за правда, Министерството за транспорт, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и труд и Министерството за финансии, во рок од 10 дена да доставаат номинации за членови

и заменици членови на Националното координативно тело, до министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

4. Се задолжува министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, во рок од 10 дена од денот на добивањето на номинациите за членови и заменици членови на Националното координативно тело да подготви и до Владата да достави Решение за назначување на членови и заменици членови на Националното координативно тело.

5. Се задолжуваат Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за локална самоуправа, Министерството за правда, Министерството за транспорт, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и труд и Министерството за финансии, на секои шест месеци да доставуваат извештаи до министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, за имплементација на активностите на кои се носители согласно Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

6. Се задолжува Националната контакт точка, активно да учествува во сите активности на проектот „Интеграција на Роми 2020-2030", имплементиран од страна на РЦЦ – Регионален совет за соработка кој е продолжение на Декадата на Ромите 2005-2015 и процес поврзан со Познан Декларацијата на партнерите од Западен Балкан во рамките на Берлинскиот процес, и заедно со Акцискиот тим на проектот да спроведува активности за регионални, меѓународни и европски димензии на проектот, да учествува во обезбедување на соработка со сите релевантни институции на национално и локално ниво и да учествува во процес кој овозможува соодветно планирање и преземање на финансиски обврски неопходни за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

7. Се задолжува Националната контакт точка да обезбеди соодветно претставување на Република Северна Македонија во Работната група за Роми во рамките на иницијативата за Интеграција на Ромите 2020-2030, со цел обезбедување на учество, водство, насочување, иницирање и застапување на иницијативи, дефинирајќи ги целите и следејќи го напредокот на вклучувањето на Ромите во регионот.

8. Се задолжува Националната контакт точка да овозможи соработка со Акциониот тим на Советот на регионална соработка, конфинансиран од Европската Унија за прашања поврзани со Ромите во земјите, вклучително и неограничувајќи се на совети за политики за вклучување на теми поврзани со ромската инклузија, известување и соработка со граѓанските организации и обезбедува десегрегирани податоци поврзани со Ромите во согласност со меѓународните стандарди за собирање податоци и заштита на податоците.

9. Се задолжува Националната контакт точка да оствари регионална соработка на регионално ниво со земјите од Југоисточна Европа и да обезбеди учество на сите засегнати страни во доставување на извештаи до Владата на Република Северна Македонија, Советот за регионална соработка и работните групи кои се дел од Познанската Декларација.

**Точка 44**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог – анекс на договор бр. 1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 12-710/1 од 26.4.2024 година, солемнизиран кај нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје под ОДУ 1492/24 на 13.12.2024 година, склучен помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги ШАХТЕРМ МК ДООЕЛ Скопје, како закупопримач, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и условно ги донесе одлуките со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за брендирање и графички стандарди на Владата на Република Северна Македонија, со Прирачник за брендирање и графички стандарди и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во најкус можен рок, да извршат промена на сите дигитални записи (логоа, меморандуми, електронски комуникации, службени е-меил потписи, веб- страницата, медиуми итн.), согласно Прирачникот за брендирање и графички стандарди на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во најкус можен рок, да извршат промена на сите печатени материјали, меморандуми, папки, индикатори и електронски картички за евиденција, согласно Прирачникот за брендирање на графички стандарди.

3. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во најкус можен рок, Прирачникот за брендирање и графички стандарди на Владата на Република Северна Македонија да го објават јавно на веб-страницата на Владата, со можност да преземање на сите потребни стандарди од истиот од страна на јавноста.

4. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го иплементираат Прирачникот за брендирање и графички стандарди на Владата, а финансиските средства потребни за истото да ги обезбедат во рамките на средствата одобрени во сопствените буџети.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за економски реформи 2025-2027 година, со Програма и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Програмата на економски реформи 2025-2027 година.

2. Се задолжува м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии да ја достави Програмата на економски реформи 2025-2027 година до Европската комисија до 15 јануари 2025 година.

## Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:30 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски
Проверил: Никола Пасков
Контролирал: Стојанчо Радичевски
Согласен: Снежана М. Пендовски